Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-609/3
Датум: 25-10-2024

По претставката бр. 08 – 609/1 од 10.09.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 609/1 од 10.09.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 10.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] против [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 13.09.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на адресата наведена во претставката.
Видно од поштенската повратница која беше вратена со назнака „непознат", обидот за достава на Барањето за доуредување на претставката на адресата наведена во претставката беше неуспешен.

**Врз основа на ова, Комисијата заклучи дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 609/1 од 10.09.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски